МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

# ПРЕДЛОГ

# НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ГРАДЕЖНИТЕ ПРОИЗВОДИ

**Скопје, февруари 2011 година**

**ВОВЕД:**

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Условите за пуштање на градежни производи на пазар, постапките за атестирање на сообразноста со техничките спецификации, спроведувањето на посебни постапки за признавање на сообразноста и други прашања од значење за градежните производи се уредени со Законот за градежните производи („Службен весник на Република Македонија” бр. 39/06 и бр.86/08).

Предложената измена на овој закон е во насока на забрзување на рашавањето на жалбите по решението на државниот пазарен инспектор со што ќе се олесни целата постапка .

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Целта на предложениот закон за изменување и доплнување е да се забрза постапката по жалбата на решението на Законот чие донесување се заснова на истите начела на кои се заснова и основниот текст на законот.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот за изменување и доплнување на Законот за градежни производи не предизвикува фискални импликации врз Буџетот на Република Македонија.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на предложените измени на овој Закон не е потребно обезбедување на финансиски средства, ниту материјални обврски за одделни субјекти.

## ПРЕДЛОГ
## НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПЛНУВАЊЕ
## НА ЗАКОНОТ ЗА ГРАДЕЖНИТЕ ПРОИЗВОДИ

**Член 1**

Во Законот за градежни производи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 39/06 и бр.86/08), по членот 1 се додава нов член 1-а кој гласи:

**„ Член 1-а**

Во постапката при вршење на инспекциски надзор ќе се применуваат одредбите од Законот за инспекциски надзор и Законот за државен пазарен инспекторат, доколку со овој закон поинаку не е уредено.“

**Член 2**

Во член 26 ставот (2), се менува и гласи:

„Против решението на државниот пазарен инспектор, издадено за извршување на овластувањата од член 25 на овој закон, може да се изјави жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението до Комисијата за жалби, формирана согласно Законот за државен пазарен инспекторат. Жалбата не го одложува извршувањето на решението.“

**Член 3**

Одредбите од членовите 1 и 2 од овој закон ќе отпочнат да се применуваат со отпочнување на примената на Законот за инспекциски надзор.

**Член 4**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Измените и доплнувањето на Законот за градежни роизводи  се во насока на усогласување на законите со кои е уредена надлежноста на инспекциските служби со Законот за инспекциски надзор

Измената е во членот 26 од Законот за изменување  на законот за градежни производи  и се  однесува на забрзување на постапката при решавањет по жалбата на решението од државниот пазарен инспектор.

Дополнувањето со нови членови кои се вградени во овој закон се во насока со усогласувањето со одредбите од Законот за инспекциски назор.

Законот за градежни производи (објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 39/06 и 86/08) е изработен согласно препораките за приближување на македонското законодавство кон европското. Законот за градежни производи е изработен согласно ЕУ Директива 89/106 ЕЕС за градежни производи, која е целосно имплементирана во нашето законодавство.

## ТЕКСТ НА ОДРЕДБИТЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ГРАДЕЖНИТЕ  ПРИЗВОДИ КОИ СЕ МЕНУВААТ

**Член 26**

(1) Трошоците за инспекциски надзор, кои се однесуваат на трошоци за анализи, во случај да завршиле негативно за обврзникот, се на товар на обврзникот.

(2) Против решението на државниот пазарен инспектор, издадено за извршување на овластувањата од член 25, дозволена е жалба до министерот, но жалбата не го одложува извршувањето.